АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09.10.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5798 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 септември 2015 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 октомври 2015 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:**

   *- На 3.04.2015 година, за непочитување на членот 54 став 5 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1. бр. 03-716 од 03.04.2015 година) на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;*

*- Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис емитуван на 13 мај 2015 година, беше констатирано дека во целост постапил по решението за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-716, 03.04.2015 година), односно ја отстранил извршената повреда на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 4 септември 2015 година, **не се констатирани прекршувања** на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на подзаконските акти.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

*Сектор за програмски работи*